арх. бр. 09- 45/ 2
25.01.2010 година

# *ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА БРОЈ 01/ 2010*

## *АГЕНЦИСКИ УСЛУГИ- ИЗБОР НА АГЕНЦИЈА ЗА ВРШЕЊЕ ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА*

**Скопје, Јануари 2010 година**

***БРОЈ НА ОГЛАС:* 01/2010**

## *ДЕЛ 1: ДОГОВОРЕН ОРГАН*

**1.1 Податоци за договорниот орган**

ЈП Градски паркинг- Скопје, бул. Илинден бб, контакт лице: Небојша Јовчевски, телефон за контакт: 3091072, факс: 3091073, Е- адреса www.infogradski@gradskiparking.com.mk

**1.2** Дополнителни информации и тендерската документација, можат да се добијат на горенаведената адреса.

**1.3 Категорија на договорен орган**

Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес–

член 4 став 1 алинеја 6 од Законот општи правни услуги

## *ДЕЛ 2: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА*

**2.1 Предмет на договорот за јавна набавка**

Агенциски услуги**-** Избор на агенција за вршење на услуги за приврмено вработување

**2.2 Вид на договор услуги**: категорија **22**

**2.3 Подеталeн опис на предметот на договорот за јавна набавка:**

Услуги за привремени вработувања за потребите на ЈП Градски паркинг- Скопје за период од 12 месеци.

**2.4 Дали предметот на набавката е деллив**- НЕ

**2.5 Рамковна спогодба-** НЕ

**2.6 Дозволено е поднесување на алтернативни понуди-** НЕ

## *ДЕЛ 3: ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ*

**3.1 Гаранција на понудата**- Не

**3.2 Гаранција за квалитетно извршување на договорот-** Не

**3.3 Критериуми за утврдување на способноста на понудувачот**

**3.3.1 За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следните документи:**

**-** во последните **5** години**,** на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација**,** корупција**,** измама или перење пари**;**

- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција- забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

Документите да не бидат постари од 6 месеци, да се достават во оригинал или копија заверена од понудувачот. Ако Договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната сопственост на понудувачот, го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

**3.2.2 Способност за вршење на професионална дејност:**

Понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.
- документ за регистрирана дејност ДРД образец од Централен Регистар на РМ;
- важечка лиценца А издадена од Министерството надлежно за работите на трудот за вршење привремени вработувања;
- Потврда дека понудувачот е запишан во регистерот на Агенции за привремени вработувања што го води Министерството надлежно за работите на трудот.

**3.2.3 Економска и финансиска состојба**

- извештај за билансот на состојбата заверен од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба, или извадоци од извештајот за билансот на состојба во случаи кога објавување на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран;
- извод од целокупниот промет на претпријатието за 2006,2007,2008 (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што е соодветно, од прометот во обласна која се покрива со договорот за јавна набавка и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположлививакавите

информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации**.**

**3.2.4 Техничка и професионална способност**

Критериуми за утврдување на техничката и професионалната способност на понудувачот се поседување на неопходната компјутерска опрема, образовни и професионални квалификации на понудувачот за квалитетно извршување на набавката и претходно квалитетно извршени услуги од овој вид.

**3.2.4.1 За докажување на техничката и професионалната способност на понудувачот:**

**-** да достави изјава за поседување на неопходната опрема за квалитетно извршување на услугите кои се предмет на набавка и докази за сопственост**.**

**-** поднесување доказ за ангажирана професионална стручна помош (правен и сметководствен консалтинг),

**-** за вработениот персонал да се достават копии од М**1** и М**2** обрасци,

**-** референтна листа за извршени услуги за привремено вработување во последните **3** години

**-** минимум три потврди за извршени услуги за привремено вработување во последните **3** години издадени од примателите на услуги.

## *ДЕЛ 4: ВИД НА ПОСТАПКА*

**4.1 Оглас за услуги согласно член 17 став 1 алинеа 2 и став 2, 33, 34, 35, 36 и 55 од Законот за јавни набвки.**

## *ДЕЛ 5: МИНИМАЛНИ КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА НА ПОНУДУВАЧОТ*

- Позитивен финансиски извештај за 2008 финансиска година,
- Најмалку 10 постојано вработени лица со приложен доказ М1/ М2 обрасци,
- Економскиот оператор, односно Агенцијата треба да поседува Лиценца А за вршење на привремени вработувања,
- Просечен број на времено ангажирани лица во 2008 година најмалку 800 на месечно ниво,

- Општа и тековна ликвидност за 2008 година да е над 100%,
- Поседување на сопствен медиум за огласување,
- Поседување Лиценца за посредување при вработување.

## *ДЕЛ 6: ИЗБОР НА НАЈПОВОЛН ПОНУДА*

**4.1 Критериум за избор на најповолна понуда е** ***ЕКОНОМСКИ НАЈПОВОЛНА ПОНУДА***

- Висина на надомест за извршена услуга изразена во проценти .......................... 80 бода

- Рок на исплата на бруто плата.......................................................................... 20 бода

## *ДЕЛ 7: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ:*

**1.** Понудите да се достават надоцна до: **05.02.2010** година до **12.00** часот,

**2.** Понудата мора да биде валидна минимум 60 дена.

**3.** Услови за отварање на понудите:

Јавно отворање на понудите е на денот и часот определен како краен рок за доставување на понудите односно, **05.02.2010** година до **12.00** часот во просториите на ЈП Градски паркинг-Скопје, бул Илинден бб, 1000 Скопје.

**4.** Дополнителни информации**:**

Тендерската документација може да се подигне во просториите на ЈП Градски паркинг-Скопје- **бесплатно,** секој работен ден кај лицето за контакт: Небојша Јовчевски

Овластените претставници треба да достават Полномоштво за присуствување на јавното отворање на понудите.

Понуда може да поднесе само понудувач кој има набавено Тендерска документација од Договорниот орган.